Благоја ЦВЕТКОСКИ

# ВТОРОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АВНОЈ
## (Методска единица во VIII одделение)

**Воведни напомени:** Второто заседание на АВНОЈ е една од клучните теми во наставата по историја, што го задолжува наставникот да посвети поголемо и посебно внимание при обработката. Посебноста произлегува од повеќе причини, а како поважни ги наведуваме следните:

— историското значење на одлуките донесени на Второто заседание на АВНОЈ;

— силната мотивација и актуализацијата на прашањата поврзани со Заседанието и односот на учениците кон тоа.

Приодот кон темата и нејзината обработка, во основа треба да се разликува во основното училиште од тој во средното училиште, уште повеќе што програмските тези и во едниот и во другиот степен се скоро исти и еднакви. Треба максимално да се искористат дидактичките предности на темата, за приод и обработка во соодветниот степен на училиште.

Нашиов прилог е еден пример на приод и обработка на методската единица: „Второто заседание на АВНОЈ", во основното училиште, со што се исклучува можноста и од поинакви интерпретации, што е и пожелно. Овој пример претставува еден вин обопштен третман со кој сакаме да придонесеме за поконсеквентна теориска и практична системност и нормираност во обработката.

**Приод кон темата:** во согласност со наставниот план и програма и извршената конкретизација на методската единица, во директната подготовка за обработка, наставникот ги вклучува сите елементи на периодот и артикулацијата: ја осмислува организацијата на часот, ги поставува целите и задачите што треба да се постигнат, ја акцентира претходната подготовка на учениците — нивната мотивираност, предзнаења и способ-

ност; ја одредува техничко-технолошката и наставно-методската апаратура и дидактичката методологија на часот. Приодот кон темата во нашиов пример го замисливме на следниот начин:

Методска единица: Второто заседание на АВНОЈ.

Наставно подрачје: Втората светска војна и НОВ и социјалистичката револуција.

Тип на часот: обработка на ново градиво.

Време на работа: еден наставен час (45 минути).

Облици на работа: индивидуален и фронтален.

Методи на работа: комбинирана (монолошка, дијалошка, демонстрација и текст).

Цели и задачи на часот:

а) образовни:

— да се запознаат учениците со условите во кои се одржувало Заседанието;
— да се запознаат учениците со улогата на КПЈ и Тито во врска со Заседанието;
— запознавање на учениците со текот и работата на Заседанието;
— да се истакне создавањето на Нова Југославија — братска заедница на југословенските народи и народности;
— да се истакне значењето на АВНОЈ за македонскиот народ и пошироко.

б) воспитни: учениците да сфатат и разберат:

— дека НОВ и народната револуција за слобода и ново социјалистичко уредување и односи се поврзани;
— дека братството и единството на југословенските народи и народности е најскапата и највредната придобивка на НОВ и Револуцијата;
— кај учениците да се создаде емотивен однос кон тој голем и пресуден историски настан и чин.

в) функционални и практични:

— подготовка на учениците да го почитуваат и да го следат историскиот континуитет и традиција и свесно да се насочуваат во животот и работата;
— подготовка на учениците за самостојно решавање и одлучување;

— развивање смисла за правилно и навремено завршување на работите;
— одговорност и чувство на должност за чување и заштита на стекнатите придобивки на СФРЈ.

Наставни средства: историска карта на светот и на Југославија, карта на НОВ, албум на слики од НОВ, магнетофон и елементи за апликација.

Литература:

Родољуб Чолаковиќ — Записи од ослободителната војна.
Слободан Нешовиќ — Првото и Второто заседание на АВНОЈ.

Ј. Б. Тито — Развиток на Народноослободителната војна на народите на Југославија во врска со меѓународните настани — реферат на Заседанието.
— Учебникот и историската читанка за VIII одделение.

### Дидактичка обработка на темата

Обработката на темата наставникот ја започнал на претходните часови, кога ги упатил учениците, што конкретно треба да си повторат. Со тоа е извршено подготвувањето на учениците за работа на одредениот час. Оваа подготовка на учениците всушност претставува и содржина на уводниот дел на часот.

**Уводниот дел на часот:** во овој дел на часот извршуваме две работи: проверка на домашната задача и проверка на претходните знаења на учениците. И двете работи имаат цел да се зацврсти стекнатото градиво. Со успешна работа се реализираат поставките на уводниот дел и со тоа се поставува новата тема — лекција.

Артикулација на функцијата: проверка на домашната задача „Создавање и развој на народната власт и НОО до второто заседание на АВНОЈ". Откако ќе се прочитаат една две работи на учениците, со неколку прашања се врши генерализација и се извлекува заклучок. Заклучокот е следниот: НОВ била борба за ослободување на Југославија и истовремено социјалистичка револуција со која е извршена коренита промена на власта.

Артикулација на функцијата: со проверката на претходните знаења на учениците, вршиме исто така контрола на тематската содржина: „Состојбата на боиштата во светот и Ју-

гославија пред одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ". По извршената проверка се извлекува следниов заклучок: општата воено-политичка положба во светот и во Југославија била поволна за силите на Антихитлеровската коалиција, во тој склоп и на Југославија (Пропратено на посочените карти се врши илустрација на настаните).

Со успешната артикулација и реализацијата на содржината од уводниот дел на часот, фактички е одговорено на прашањето за оправданоста на Второто заседание на АВНОЈ и на неговото историско место и значење. На таков начин се остварени дидактичките претпоставки за истакнување на целта — односно темата. Насловот на темата се забележува на таблата.

**Главниот дел на часот:** во овој дел на часот се врши обработка на содржините од новата методска единица: „Второто заседание на АВНОЈ". Обработката ја вршиме по следниов распоред:

1. Преглед на заседанијата на Земските антифашистички собранија (веќа).
2. Свикување и работа на Второто заседание на АВНОЈ.
3. Одлуките на Второто заседание на АВНОЈ.
4. Второто заседание на АВНОЈ и Македонија.
5. Историското значење на Второто заседание на АВНОЈ.

Во обработката на првата целина се истакнува дека во периодот до и помеѓу Првото и Второто заседание на АВНОЈ, во сите национални покраини, со исклучок на Македонија, биле одржани земски антифашистички собранија. Ова се илустрира и на картата на Југославија со прикачување на апликации. Оваа целина се завршува со констатацијата дека сите југословенски народи и народности извршиле слободно самоопределување и изразиле желба за заеднички живот во братска и рамноправна заедница Југославија.

Втората целина фактички го содржи процедуралниот тек на Заседанието, од одлуката за свикување до самата работа. Овде се истакнува демократската постапка при изборот на делегатите и делегациите, односно принципот на демократското самоуправување на народите и народностите на Југосалвија, како и релевантната одлука на ЦК КПЈ и другарот Тито за свикување на Заседанието. Посебно значајни дидактички пунктови претставуваат: патувањата на делегациите од Јајце, средбите на делегатите со Тито и портретирањето на другарот Тито од страна на сликарот Божидар Јакац и вајарот Аугуст Аугустинчиќ. Ова се илустрира и со неколку слики од албумот и со конкретните портрети на другарот Тито, како и со неколку текстови снимени на магнетофон.

Вториот дел од оваа целина има повеќе дидактички слики: бројот и структурата на делегатите, свечениот миг на отворањето на Заседанието, извештајот на Д-р Иван Ребар и рефератот на Ј. Б. Тито; донесувањето на Декларацијата на Второто заседание на АВНОЈ — значаен државно-правен акт од конститутивен карактер и значење. Оваа целина на крај се обликува со заклучокот — желбата на југословенските народи и народности да создадат нова братска и рамноправна држава — Демократска Федеративна Југославија· Илустртивниот дел содржи повеќе слики и делови од рефератот на Тито и од Декларацијата.

Третата целина е логично продолжение од претходната и претставува кулминација на историскиот чин. Содржина на оваа целина се одлуките што ги донесе Заседанието на принципите усвоени во Декларацијата. Поважните одлуки, кои ќе бидат предмет на разгледување, во стилизирана форма се напишани на посебно пано, кое се истакнува пред учениците Обработката на оваа целина опфаќа поединечна анализа и синтеза на одлуките, при што се истакнува нивната суштина, значење и карактер. Од дидактички аспект значајно е да се утврди како учениците ги сфаќаат новите поимски и вредносни содржини, како на пр. „АВНОЈ се конституира во врховно претставничко законодавно и извршно тело на Југославија", па суштината на „Националниот комитет на ослободувањето на Југославија (НКОЈ)", па „Југославија да се изгради на демократски федеративен принцип", „Тито Маршал на Југославија" и слично. Од правилното сфаќање на посочените компоненти, зависи и разбирањето на големиот историски чин и умеењето да се проникне во сегашните и идни насоки на нашата заедница — самоуправна социјалистичка Југославија.

Во обработката на целината „АВНОЈ и Македонија", се поаѓа од одлуката на АВНОЈ — Југославија да се изгради на демократски федеративен принцип и да се конституира во државна заедница на слободни и рамноправни народи и народности. Одлуките на АВНОЈ се потврда на решеноста на македонскиот народ да се бори и живее во заедништво со другите народи и народности на Југославија и логичен резултат на тие определби е признавањето слобода, самостојноста и рамноправноста на македонскиот народ. Одлуките на АВНОЈ за македонскиот народ значат победоносно крунисување на вековната борба за слобода и национален идентитет и суверенитет. Решенијата на АВНОЈ наидоа на целосна потврда во решенијата на Првото заседание на АСНОМ и во севкупната наша денешна стварност.

Ако внимателно се проучат Одлуките на АВНОЈ, ќе се согледа дека тие имаат историско значење. Тие се камен-темелникот на Нова Југославија. Затоа и во грбот на СФРЈ е втисната датата 29.XI 1943. Илустрацијата — Првиот грб на Југославија, дело на академскиот сликар Ѓорѓе Андреевиќ-Кун. Второто заседание на АВНОЈ беше вистински народен парламент (собрание). Одлуките значат нов квалитет на власта во Југославија, кои овозможуваат изградување и развој на Југославија како демократска, самоуправна социјалистичка заедница на сите народи и народности во неа. И меѓународните пара метри имаат огромно значење, во смисла на нивниот позитивен одглас и практичното признавање на борбата на југословенските народи и народности.

На крајот од извршената обработка, наставникот ги упатува учениците на следниоит општ заклучок: Југословенските народи и народнсти во својата понова историја, а посебно во текот на НОВ и социјалистичката револуција, мораа да си бараат свои сопствени патишта на борба и развој, а Второто заседание на АВНОЈ и Одлуките се најдобра потврда за тоа.

**Завршниот дел на часот:** овој дел на часот го замислуваме во форма на разговор со учениците на некои битни и глобални прашања од темата. Имајќи предвид ,дека некои моменти — слики од темата бараат поопширoко објаснување и релјефно претставување, овој дел го реализираме како утврдување со извесно обопштување. Во таа смисла се концептирани и прашањата на наставникот:

1. Каква била военo-политичката ситуација во светот и Југославија пред одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ? Одговорите на учениците да бидат илустрирани на картите.

2. Колкава била слободната територија во Југославија?

3. Што претставуваше Второто заседание на АВНОЈ? Да се направи споредба со Првото заседание на АВНОЈ.

4 Опишете го патувањето на делегатите во Јајце?

5. Опишете го изгледот и атмосферата во салата, во која е одржано Заседанието?

6. Кои поважни одлуки биле донесени на заседанито?

7. Какво е суштинското значење на Одлуките?

8· Во што го гледате значењето на Одлуките на Второто заседание на АВНОЈ за Македонија?

9. Како беше приемот и одзивот на Одлуките на Второто заседание на АВНОЈ во светот?

На крајот може уште еднаш да се истакне општиот заклучок и со тоа да се заврши артикулацијата на темата и часот.

**Изгледот на таблата:** На таблата го пишуваме планот на методската единица: „Второто заседание на АВНОЈ"

1. Преглед на Земските антифашистички собранија.
2. Свикување и работа на Второто заседание на АВНОЈ — Јајце, 29. ноември 1943 година.
3. Одлуките на Второто заседание на АВНОЈ
   — Создавање на Демократска Федеративна Југославија.
4. Второто заседание на АВНОЈ и Македонија
   — Признавање на македонската национална посебност и државност.
5. Значењето на Второто заседание на АВНОЈ.
   — Историската вредност на Одлуките.